РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5426/2
16-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница, одржана на ден 11.01.2023 година донесе

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-5426/1 од 24.11.2023 година, со наводи за закани од страна на ---, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по пријавените активности друг орган е надлежен да постапува, а воедно пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-5426/1 од 24.11.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, поднесена е пријава со наводи за добиени закани од страна на --- и под притисок и закани бил приморен да потпише отказно решение од работното место кое го имал како инструктор во приватна фирма автошкола ---.

При надлежното постапување по предметниот случај ДКСК констатира , согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по пријавените активности друг орган е надлежен да постапува а воедно пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- Подносителот на пријавата

Изработил: А.С.
Одобрил: Г.Т,Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**